Република Северна Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47-552-661

Бр. 17

04.12.2023

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Могила**

1.Ја објавувам Одлуката за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Могила, донесена на 29-тата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.11.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1195/1** **Општина Демир Хисар**
**04.12.2023 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 6 став 1 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“, бр. 79/09), член 14 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, бр. 05/02) и член 43 став 1 алинеја 43 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.5/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), Советот на Општина Демир Хисар , на седницата одржана на 30.11.2023 година, донесе:

***О Д Л У К А***
***За утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка***

**Член 1**

Советот на Општина Демир Хисар го утврди Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Могила, покренат од Градоначалникот на Општина Демир Хисар со арх.бр.08-1174/1од 24.11.2023 година.

**Член 2**

Соработката се воспоставува за вршење на работите од областа на урбанистичкото планирање, заштитата на животната средина и комуналните дејности, водење на постапки за издавање на одобренија за градење и решенија за изведување на градби за кои не е потребно одобрение за градење, донесување на урбанистички планови, издавање на изводи од урбанистичкото планирање, издавање на изводи од урбанистичко плански документации итн, кои ќе ги извршува дипломиран инженер архитект вработен во Општина Могила, во име и за сметка на Општина Демир Хисар.

**Член 3**

Договорот за меѓуопштинска соработка има временски рок (најдоцна до 31.12.2024 година) или додека Општина Демир Хисар не вработи дипломиран инженер архитект во општинската администрација.

**Член 4**

За работното ангажирање и зголемениот обем на работа на вработеното лице од Општина Могила, Општина Демир Хисар се обврзува да исплаќа финансиски средства на Општина Могила, чија висина на надоместокот ја одреди советот на Општина Демир Хисар во износ од 10.000 денари, како и да исплаќа финансиски средтсва за патни трошоци или да обезбеди превоз, согласно законските прописи.

**Член 5**

Утврдениот предлог од член 1 на оваа одлука и проценатa за потребата од воспоставувањето на меѓуопштинската соработка се доставува до Советот на Општина Могила заради усвојување.

**Член 6**

За вршење на работите од членот 2 од оваа одлука, Општина Демир Хисар и Општина Могила, дополнително ќе склучат договор за меѓуопштинска соработка со кој ќе се утврди видот, извршителот, висината на надоместокот и начинот на извршување на работите, согласно член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка.

Договорот го изготвува заедничката комисија на Општина Демир Хисар и Општина

Могила, согласно член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка.

Договорот од став 1 од овој член ќе го склучат градоначалниците на Општина Демир Хисар и Општина Могила.

**Член 7**

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-1173/3 Совет на Општина Демир Хисар
30.11.2023 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Могила**

1.Го објавувам Решението за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Могила, донесено на 29-тата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.11.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1195/2 Општина Демир Хисар**
**04.12.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр.79/09) а во врска со член 43 став 1 алинеја 43 од Статутот на Општината Демир Хисар(„Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.5/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), Советот на Општина Демир Хисар, на седницата одржана на ден 30.11.2023 година донесе

**РЕШЕНИЕ**
за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу
Општина Демир Хисар и Општина Могила

1. За членови на заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Могила од областа на урбанистичкото планирање, заштитата на животната средина и комуналните дејности, водење на постапки за издавање на одобренија за градење и решенија за изведување на градби за кои не е потребно одобрение за градење, донесување на урбанистички планови, издавање на изводи од урбанистичкото планирање, издавање на изводи од урбанистичко плански документации итн, се именуваат:
-Игор Дамјаноски – раководител на одделение за управување со човечки ресурси во Општина Демир Хисар и
-Катерина Огненовска-помлад соработник за изготвување на одобренија за градење и решенија за употреба, во одделението за урбанизам, заштита на животната средина и комунални дејности во Општина Демир Хисар.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општината Демир Хисар

Бр.17-1173/4 Совет на Општина Демир Хисар
30.11.2023 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Ресен**

1.Ја објавувам Одлуката за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Ресен, донесена на 29-тата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.11.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1195/3** **Општина Демир Хисар**
**04.12.2023 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 6 став 1 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“, бр. 79/09), член 14 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, бр. 05/02) и член 43 став 1 алинеја 43 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.5/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), Советот на Општина Демир Хисар , на седницата одржана на 30.11.2023 година, донесе:

***О Д Л У К А***
***За утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка***

**Член 1**

Советот на Општина Демир Хисар го утврди Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Ресен, покренат од Градоначалникот на Општина Демир Хисар со арх.бр.08-1175/1 од 24.11.2023 година.

**Член 2**

Соработката се воспоставува за вршење на работи од областа на управување и располагање со градежно земјиште сопственост на РСМ, кои ќе ги извршува дипломиран архитект со овластување за управување со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија вработен во Општина Ресен, во име и за сметка на Општина Демир Хисар.

**Член 3**

Договорот за меѓуопштинска соработка има временски рок (најдоцна до 31.12.2024 година), со можност за негово пред времено раскинување по слободна волја на една од договорените страни, по претходно известување на другата договорна страна.

**Член 4**

За работното ангажирање на вработеното лице од Општина Ресен, Општина Демир Хисар се обврзува да исплаќа финансиски средства за патни трошоци или да обезбеди превоз, согласно законските прописи.

**Член 5**

Утврдениот предлог од член 1 на оваа одлука и процената за потребата од воспоставувањето на меѓуопштинската соработка се доставува до Советот на Општина Ресен заради усвојување.

**Член 6**

За вршење на работите од членот 2 од оваа одлука, Општина Демир Хисар и Општина Ресен, дополнително ќе склучат договор за меѓуопштинска соработка со кој ќе се утврди видот, извршителот и начинот на извршување на работите, согласно член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка.

Договорот го изготвува заедничката комисија на Општина Демир Хисар и Општина Ресен, согласно член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка.

Договорот од став 1 од овој член ќе го склучат градоначалниците на Општина Демир Хисар и Општина Ресен.

**Член 7**

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-1173/5 Совет на Општина Демир Хисар
30.11.2023 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Ресен**

1.Го објавувам Решението за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Ресен, донесено на 29-тата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.11.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1195/4 Општина Демир Хисар**
**04.12.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр.79/09) а во врска со член 43 став 1 алинеја 43 од Статутот на Општината Демир Хисар(„Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.5/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), Советот на Општина Демир Хисар, на седницата одржана на ден 30.11.2023 година донесе

**РЕШЕНИЕ**
за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Ресен

1. За членови на заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Ресен за вршење на работите од областа на управување и располагање со градежно земјиште сопственост на РСМ, се именуваат:
-Игор Дамјаноски – раководител на одделение за управување со човечки ресурси во Општина Демир Хисар и
-Катерина Огненовска-помлад соработник за изготвување на одобренија за градење и решенија за употреба, во одделението за урбанизам, заштита на животната средина и комунални дејности во Општина Демир Хисар.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општината Демир Хисар

Бр.17-1173/6 Совет на Општина Демир Хисар
30.11.2023 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за продажба на недвижен имот во сопственост на Општина Демир Хисар – Училишна зграда во с.Зашле**

1.Ја објавувам Одлуката за продажба на недвижен имот во сопственост на Општина Демир Хисар-училишна зграда во с.Зашле, донесена на 29-тата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.11.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1195/5 Општина Демир Хисар**
**04.12.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 3 став 2, како и член 22 и 23 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 275/19 и 122/21), како и член 36 став 1 точка 10 од Законот за Локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), и член 43 став 1 точка 10 од Статутот на општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 30.11.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за продажба на недвижен имот во сопственост на Општина Демир Хисар – Училишна зграда во с.Зашле**

Член 1
Со оваа одлука се врши продажба на недвижен имот во сопственост на Општина Демир Хисар – Училишна зграда во с.Зашле.

Член 2
Недвижниот имот кој е предмет на продажба се наоѓа во ПУ во с.Зашле, на К.П. бр. 346, со површина од 101 м$^2$.

Член 3
Постапката за продажба на недвижниот имот од член 1 од оваа одлука ќе ја спроведе Комисија за користење и располагање со стварите во сопственост на Општина Демир Хисар, во состав:

- Влатко Станковски - Претседател
- Катерина Радовска - член
- Загорка Милошевска - член

Член 4
Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Демир Хисар".

Бр. 17-1173/7 Совет на општина Демир Хисар
30.11.2023 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за продажба на недвижен имот во сопственост на Општина Демир Хисар – Задружен дом во с.Вирово**

1.Ја објавувам Одлуката за продажба на недвижен имот во сопственост на Општина Демир Хисар-Задружен дом во с.Вирово, донесена на 29-тата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.11.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1195/6 Општина Демир Хисар**
**04.12.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 3 став 2, како и член 22 и 23 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 275/19 и 122/21), како и член 36 став 1 точка 10 од Законот за Локална самоуправа ("Службен

весник на РМ” бр.5/02), и член 43 став 1 точка 10 од Статутот на општина Демир Хисар (“Службен гласник на Општина Демир Хисар” бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 30.11.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за продажба на недвижен имот во сопственост на Општина Демир Хисар – Задружен дом во с.Вирово**

Член 1

Со оваа одлука се врши продажба на недвижен имот во сопственост на Општина Демир Хисар – Задружен дом во с.Вирово.

Член 2

Недвижниот имот кој е предмет на продажба се наоѓа во с.Вирово, на К.П. бр. 1516, со деловна површина сутерен 47,00 м$^2$ и приземје 71,00 м$^2$.

Член 3

Постапката за продажба на недвижниот имот од член 1 од оваа одлука ќе ја спроведе Комисија за користење и располагање со стварите во сопственост на Општина Демир Хисар, во состав:

- Влатко Станковски - Претседател
- Катерина Радовска - член
- Загорка Милошевска - член

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Демир Хисар”.

Бр. 17-1173/8 Совет на општина Демир Хисар
30.11.2023 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за давање на трајно користење на движни ствари-возила во сопственост на Општина Демир Хисар, на ЈКП „КОМУНАЛЕЦ” Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за давање на трајно користење на движни ствари-возила во сопственост на Општина Демир Хисар, на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар, донесена на 29-тата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.11.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1195/7 Општина Демир Хисар**
**04.12.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 44 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (“„Службен весник на Република Македонија” бр.78/15, 106/15,153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.101/19, 275/19 и 122/21), како и член 36 став 1 точка 10 од Законот за Локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02), и член 43 став 1 точка 10 од Статутот на општина Демир Хисар (“Службен гласник на Општина Демир Хисар” бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на трајно користење на движни ствари-возила во сопственост на Општина Демир Хисар, на ЈКП „КОМУНАЛЕЦ” Демир Хисар**

Член 1

Со оваа одлука, Општина Демир Хисар на ЈКП „КОМУНАЛЕЦ” Демир Хисар му дава на трајно користење движни ствари-возила со следните карактеристики:

1. Марка RENAULT, категорија и вид N3-TOVARNO, година на производство 2021, број на шасија VF640K866MB002134, регистарска ознака DH 0998 AB.

2. Марка RENAULT, категорија и вид N3-TOVARNO, година на производство 2020, број на шасија VF640J564LB015266, регистарска ознака DH 0816 AB

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат на трајно користење на ЈКП „КОМУНАЛЕЦ" Демир Хисар, без надомест.

Член 3

Градоначалникот на Општина Демир Хисар и Директорот на ЈКП „КОМУНАЛЕЦ" Демир Хисар ќе склучат договор за уредување на правата и обврските за користење на движните ствари наведени во член 1 на оваа одлука.

Член 4

За реализација на оваа одлука, се обврзува ЈКП „КОМУНАЛЕЦ" Демир Хисар, да ги внесе возилата од член 1 на оваа одлука во евиденција на основни средства на ЈКП „КОМУНАЛЕЦ" Демир Хисар.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Демир Хисар".

Бр.17-1173/9 Совет на Општина Демир Хисар
30.11.2023 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучокот за усвојување Финансиски извештај за работењето на ЈП „ДЕХИ ТРАНС" Демир Хисар за период 01.01.2023 - 30.09.2023**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување Финансиски извештај за работењето на ЈП „ДЕХИ ТРАНС" Демир Хисар за период 01.01.2023-30.09.2023, донесен на 29-тата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.11.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1195/8 Општина Демир Хисар**
**04.12.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски д.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 89/22 и 274/22) и член 43 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар" бр. 03/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21) , Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За усвојување Финансиски извештај за работењето на ЈП „ДЕХИ ТРАНС" Демир Хисар за период 01.01.2023 - 30.09.2023

1. Се усвојува Финансикиот извештај за работењето на ЈП „ДЕХИ ТРАНС" Демир Хисар за период 01.01.2023 - 30.09.2023 година донесен од Управен одбор на ЈП „ДЕХИ ТРАНС" Демир Хисар со архивски бр. 02-175/3 од 03.11.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

3. По еден примерок од Заклучокот се доставува до архива на Општина Демир Хисар и до Јавно претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар.

Бр. 17-1173/10 Совет на општина Демир Хисар
30.11.2023 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на ПОЗИТИВНОТО МИСЛЕЊЕ на Програмата за реализација на ученичка екскурзија за III одделение на ООУ " Гоце Делчев" Демир Хисар за учебната 2023/2024 година**

1.Го објавувам Позитивното мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија за III одделение на ООУ „Гоце Делчев" Демир Хисар за учебната 2023/2024 година, донесено на 29-тата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.11.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1195/9 Општина Демир Хисар**
**04.12.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

**Согласно член 36 став (1) точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02),член 42 став (2) од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр. 161/19 и 229/20), член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година и член 43 став (1) точка 20 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл. гласник на општина Демир Хисар бр.3/02, 4/05, 7/09,16/13,18/14,10/19 и 07/21 год.) Советот на општина Демир Хисар на седница одржана на 30.11.2023 година дава**

**ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА УЧЕНИЧКА ЕКСКУРЗИЈА ЗА ИИИ ОДДЕЛЕНИЕ НА ООУ„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ„ ДЕМИР ХИСАР ЗА УЧЕБНА 2023/2024 ГОДИНА**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**Врз основа на доставеното барање на ООУ„Гоце Делчев„ Демир Хисар број 03- 437/1 од 13.10. 2023 година до Советот на Општина Демир Хисар за давање мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија за трето одделение за учебна 2023/2024 година, согласно член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии, излети и други вонучилишни активноссти на учениците од основните училишта, Советот ја разгледа Програмата, и одлучи да даде позитивно мислење за реализација на ученичка екскурзија за учениците од ИИИ одделение при ООУ„Гоце Делчев„Демир Хисар.**

Бр.17- 1173/11 Совет на општина Демир Хисар
30.11.2023 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на ПОЗИТИВНОТО МИСЛЕЊЕ на Програмата за реализација на ученичка екскурзија за VI одделение на ООУ “ Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година**

1.Го објавувам Позитивното мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија за VI одделение на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година, донесено на 29-тата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.11.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1195/10 Општина Демир Хисар**
**04.12.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

**Согласно член 36 став (1) точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02),член 42 став (2) од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр. 161/19 и 229/20), член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година, член 43 став (1) точка 20 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл. гласник на општина Демир Хисар бр.3/02, 4/05, 7/09,16/13,18/14.10/19 и 07/21 год.) Советот на општина Демир Хисар на седница одржана на 30.11.2023 година дава**

**ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ**
**НА ПРОГРАМАТА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА УЧЕНИЧКА ЕКСКУРЗИЈА ЗА VI ОДДЕЛЕНИЕ НА ООУ„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ„ ДЕМИР ХИСАР ЗА УЧЕБНА 2023/2024 ГОДИНА**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**Врз основа на доставеното барање на ООУ„Гоце Делчев„Демир Хисар број 03-437/1 од 13.10. 2023 година до Советот на Општина Демир Хисар за давање мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија за шесто одделение за учебна 2023/2024 година, согласно член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии, излети и други вонучилишни активносcти на учениците од основните училишта, Советот ја разгледа Програмата и одлучи да даде позитивно мислење за реализација на ученичка екскурзија за учениците од ВИ одделение при ООУ„Гоце Делчев„Демир Хисар.**

Бр.17- 1173/12 Совет на општина Демир Хисар
30.11.2023 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на ПОЗИТИВНОТО МИСЛЕЊЕ на Програмата за реализација на ученичка екскурзија за IX одделение на ООУ " Гоце Делчев" Демир Хисар за учебната 2023/2024 година**

1.Го објавувам Позитивното мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија за IX одделение на ООУ „Гоце Делчев" Демир Хисар за учебната 2023/2024 година, донесено на 29-тата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.11.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1195/11 Општина Демир Хисар**
**04.12.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

**Согласно член 36 став (1) точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02),член 42 став (2) од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр. 161/19 и 229/20), член 7став (1) од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активноссти на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година и член 43 став (1) точка 20 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл. гласник на општина Демир Хисар бр.3/02, 4/05, 7/09,16/13,18/14,10/19 и 07/21 год.) Советот на општина Демир Хисар на седница одржана на 30.11.2023 година дава**

**ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ**
**НА ПРОГРАМАТА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА УЧЕНИЧКА ЕКСКУРЗИЈА ЗА IX ОДДЕЛЕНИЕ НА ООУ„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ„ ДЕМИР ХИСАР ЗА УЧЕБНА 2023/2024 ГОДИНА**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**Врз основа на доставеното барање на ООУ„Гоце Делчев„Демир Хисар број 03- 437/1 од 13.10. 2023 година до Советот на Општина Демир Хисар за давање мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија за деветто одделение за учебна 2023/2024 година, согласно член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии, излети и други вонучилишни активноссти на учениците од основните училишта, Советот ја разгледа Програмата, и одлучи да даде позитивно мислење за реализација на ученичка екскурзија за учениците од ИЏ одделение при ООУ„Гоце Делчев„ Демир Хисар.**

Бр.17- 1173/13 Совет на општина Демир Хисар
30.11.2023 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

---------------------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар Општина Могила------------1-2

3.Решение за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Могила----------2

4.Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар Општина Ресен--------------3-4

5.Решение за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Ресен-------------4

6.Одлука за продажба на објект во с.Зашле сопственост на општина Демир Хисар---------------5

7.Одлука за продажба на објект во с.Вирово сопственост на општина Демир Хисар--------------5-6

8. Одлука за давање на трајно користење на движни ствари-возила во сопственост на општина Демир Хисар, на ЈКП ,,Комуналец" од Демир Хисар-------6-7

9.Заклучок за усвојување на Финансиски извештај за ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар за период од 01.01.2023 до 30.09.2023 година.-------------------------------------7-8

10.позитивно мислење на Програма за реализација на ученичка екскурзија за III одделение во ООУ “Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 -------8

11.Позитивно мислење на Програма за реализација на ученичка екскурзија за VI одделение во ООУ “Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 --------9

12.Позитивно мислење на Програма за реализација на ученичка екскурзија за IX одделение во ООУ “Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 --------10

**Општина Демир Хисар, ул. Битолска бр.8**
**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Никола Најдовски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**